ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Дата: 05.10.2016

# СООПШТЕНИЕ

## Отворени денови на ФЗОМ

Од утре, четврток, 6 октомври 2016 година, во сите 30 подрачни служби на Фондот продолжуваме со практиката на отворени денови за осигурениците. На овој начин осигурениците директно од одговорните лица од Фондот ќе се информираат за своите права, ќе претстават некој проблем со добивање на право од здравствено осигурување, а воедно и ќе имаат можност да дадат свои идеи, предлози, кои се однесуваат за унапредување на работата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Отворените денови се дел од заложбите на Фондот за информирани осигуреници, кои претставуваат вреден ресурс на повратни информации за активностите и новините кои Фондот ги воведува. Осигурениците, воедно, се и активни учесници во процесот на креирање политики за подобро функционирање на Фондот за здравствено осигурување.

Средбите со осигурениците се начин да ја согледаме перцепцијата на осигурениците за нашата работа, но и да добиеме предлози за надминување на„ тесните грла“ во работењето. Средбите ги доживуваме како можност за насоки за тоа на што да се обрне поголемо внимание, што треба да се подобри во работењето или да се поедностави како процедура.

Фондот ги поканаува сите осигуреници, **секој четврток од 10:00 часот – 13:00** часот да дојдат во подрачната служба и да се обратат за било кое прашање во врска со здравственото осигурување.